Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Red Cross of the Republic of North Macedonia



# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА
# PROGRAMI PËR PUNË
# ANNUAL PLAN OF ACTION

2023

# РАКОВОДЕН ОДБОР



**Проф. д-р Ромел Велев**
**Претседател**



**Др. Нухи Јусуфи**
**Потпретседател**



**Др. Лилјана Ристовска**
**Потпретседател**



**Др. Васил Тунев**
**Член**



**Др. Миле Тошев**
**Член**



**Билјана Костова**
**Член**



**Даут Селими**
**Член**



**Александра Сандева**
**Член**



**Проф. д-р Фадби Османи**
**Член**



**Димитар Каракулев**
**Член**



**Викторија М. Патраклиев**
**Член**



**М-р Весна Терзиоска**
**Член**



**Др. Бурак Шабани**
**Член**



**Зоран Ѓоргиев**
**Член**

**Црвен крст на Република Северна Македонија**

**Октомври 2022**

Како резултат на глобалните предизвици како што се КОВИД-19, климатските промени, катастрофите, сиромаштијата, нееднаквиот општествен развој и експанзијата на миграциите, работата на Црвениот крст станува поважна од кога и да е. Црвениот крст на РСМ со своето 77 годишно искуство, како најголема хуманитарна организација во земјата со своите 33 општински организации на Црвен крст и ЦКГ Скопје, посветено работи преку функционалната мрежа на Движењето на меѓународно и локално ниво, преку споделување ресурси, знаења и заеднички стандарди и изнаоѓање начини да се изгради поголема ефикасност и колективна интелигенција. Продолжуваме со тенденција да бидеме високо ефективни и брзо да реагираме при катастрофи и кризи преку механизми за координација што го максимализираат нашето колективно влијание. Ќе инвестираме во иновации што можат да ги поврзат луѓето и да ги прошират нашите мрежи на локално, регионално и глобално ниво.

Годинава започнуваме со спроведување на процесот Трансформации 28 кој има за цел да овозможи операционализација на нашите стратешките определби преку кој сме решени да преземаме конкретни чекори за промени во својата работа како израз на нашите амбициите и заложби за спроведување иницијативи и таргетирани активности за зајакнување на капацитетите на националното друштво, воведување нови услуги и градење партнерства на национално и локално ниво наменети за подобрување на животот на населението во локалните заедници. Подготвени сме да инкорпорираме нови пристапи во нашата работа за да поттикнеме структурни промени кои ќе ни помогнат да бидеме поефективни како мрежа и ќе ни помогнат поефикасно да ги користиме нашите ресурси преку слушање, размислување и постапување на малку поинаков начин, отворени и подготвени на тој пат постојано да учиме и да се прилагодуваме.

Детерминирани сме да преземеме порешителна акција преку зголемување на обемот на активности на нашите програми се цел да оствариме поголемо влијание, особено во справувањето со клучните предизвици како што се климатските промени, КОВИД-19, катастрофите, миграциите и справување со приоритетни прашања за зачувување на здравјето и социјалната грижа за најранливите категории на население.

Посветено ќе промовираме поддршка за најранливите заедници и поединци со кои работиме и ги поддржуваме, во согласност со нашите основни принципи. Кога луѓето не можат да зборуваат сами за себе, ние ќе бидеме нивните гласноговорници, преку нашата мрежа на ООЦК. Ќе инвестираме во промовирање и заштита на суштински области како што се меѓународното хуманитарно право и вршење на помошна улога пред властите во државата со цел да се носат политики и практики кои се во согласност со нашите хуманитарни вредности.

Продолжуваме да инвестираме во зајакнување на нашата транспарентност и системите за поддршка, зајакнување на интегритетот и нашата отвореност за слушање, вклучување и дејствување, прифаќање на култура на етичка пракса и воспоставување на лична и институционална одговорност.

Убедени сме дека во справувањето се севкупните хуманитарни предизвици во 2023 година Црвениот на РСМ ќе даде дополнителна вредност на севкупните напори за обезбедување на посакуваното влијание и поддршка за најпогодените сегменти во општеството преку широко распространетата структура на членови и волонтери. Подготвени сме заедно со нашите ООЦК/ЦКГ Скопје и партнерите да направиме повеќе, да бидеме одговорни и транспарентни и отворени за соработка.

Во нашиот годишен план има место за сите. За нашите волонтери, членови и вработени, партнери и нашите корисници. Бидете со нас, на овој пат полн со нови предизвици, каде промените ќе бидат средство за успешност и каде единствено мерило ќе бидат нашите резултати, спасен живот, насмеано лице.

**проф. д-р Ромел Велев**
**Претседател**

**д-р Саит Саити**
**Генерален секретар**

# СОДРЖИНА


НАДВОРЕШНИ ФАКТОРИ И ТРЕНДОВИ ........ 06

ЗА ЦКРСМ ........ 08

ПРИОРИТЕТИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ ВО 2023 ГОДИНА ........ 09

ТРАНСФОРМАЦИСКИ ПРОМЕНИ ВО ЦРВЕН КРСТ НА РСМ ........ 10

НАЦИОНАЛНО ДРУШТВО КАКО СИЛЕН И ЕФЕКТИВЕН ЧИНИТЕЛ ВО ДРЖАВАТА ........ 12

ЕФЕКТИВНА ФУНКЦИОНАЛНА МРЕЖА ........ 14

ЗДРАВСТВЕНО – ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ ........ 16

ПРВА ПОМОШ ........ 18

КРВОДАРИТЕЛСТВО ........ 20

СОЦИЈАЛНО - ХУМАНИТАРНИ ПРОГРАМИ ........ 22

БЕГАЛЦИ И МИГРАНТИ ........ 26

ПСИХОЛОШКА ПРВА ПОМОШ – ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА ........ 30

ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ ........ 32

ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ, ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИИ ........ 34

МОБИЛИЗИРАЊЕ ВОЛОНТЕРИ И ЧЛЕНОВИ ........ 36

МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА ........ 40

ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА - ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ ........ 42

СЛУЖБА ЗА БАРАЊЕ – ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СЕМЕЈНИ ВРСКИ ........ 44

ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ, ВКЛУЧЕНОСТ И ПРОМОЦИЈА НА МХП ........ 46

МЛАДИ НА ЦРВЕН КРСТ ........ 48

БУЏЕТ ........ 51






# НАДВОРЕШНИ ФАКТОРИ И ТРЕНДОВИ

Новите времиња претставуваат голем предизвик за хуманитарниот сектор.  Светот околу нас се менува на сложени и меѓусебно поврзани начини што влијаат врз севкупните општествени текови, со се поголеми ризици и предизвици по населението. Демографските транзиции кои може да предизвикаат раздор и поттикнување на социјални тензии се очекува да продолжат. Миграциите и движењето на населението кои во континуитет се случуваат може да доведат до значителни промени во нашата социјална структура, и да преставуваат дополнителен товар врз ресурсите и социјалната кохезија, што може да резултира со  изолираност на многу заедници. Производството и новите технологиите помагаат да бидеме подобро поврзани и функционални но истовремено носат свои ризици, вклучително и некои што можеби сè уште не ги разбираме. Политичките и економски збиднувања исто така може да резултираат со значителни поместувања и различности споредено со традиционалните трендови  што може да доведе до неочекувани социјални промени. Најголемиот и најдраматичен предизвик пред нас ќе биде справување со климатските промени како резултат на деградација на животната средина, зачестеноста на катастрофите и нивното влијание врз животот на луѓето. Сите овие климатски, економски и општествени збиднувања се очекува да доведат до потенцијално поголема ранливост на населението што ќе наложи зголемено ангажирање на хуманитарниот сектор за да одговори на современите предизвици.

Бројот на хуманитарни организации во светот како и во Република Северна Македонија е во постојан подем, предизвиците се се поразлични, ранливоста на населението е се поголема што резултира со се поголеми очекувања од хуманитарниот сектор. Граѓанскиот сектор и развојните невладини организации се препознати како важни чинители за обезбедување социјален, здравствен, економски па дури и политички развој.

Хуманитарните организации (меѓународни/локални/владини/невладини)  во РСМ во различен обем се вклучени во активности за обезбедување на алтернативна здравствена грижа, развој на  заедниците, обезбедување на социјална правда и образование како и обезбедување на хуманитарна поддршка при кризни состојби. Во најголема мера овие активности се краткорочни и фокусирани на специфични програми и проекти со ограничен временски период. Во општествено опкружување каде работат голем број на граѓански асоцијации и здруженија се почесто постои натпревар помеѓу овие организации за мобилизирање фондови и волонтери за имплементација на своите хуманитарни иницијативи.

Во вакво хуманитарно и општествено опкружување, Црвениот крст на РСМ како општествено одговорна и најголема хуманитарна организација во Република Северна Македонија, во својот процес на промени наречен “Трансформација 28” ќе направи обид да одговори на комплексните состојби кои се очекуваат во следниот петгодишен период со цел да осигуриме дека она што го правиме е релевантно, фокусирано на луѓето кои имаат најголеми потреби за поддршка. Не можеме повеќе да се држиме до старите начини на работа. Мора да се соочиме со предизвикот да бидеме целосно одговорни и транспарентни во начинот на кој ги користиме нашите ресурси. Да работиме заедно со заедниците и поединците за да бидат дел од нашите одлуки во однос на поддршката која им е е потребна и начинот како да ја добијат таа поддршка. Мора да ги искористиме можностите што произлегуваат од иновациите и технологијата и придобивките од работата со нашите партнери, за да допреме до повеќе луѓе на нови начини. Мора да ги инспирираме луѓето да ја мобилизираат својата добрина за да ги поддржат луѓето во криза. Луѓето за кои работиме мора секогаш да бидат во центарот на нашата работа. Процесот на трансформации треба да ни овозможи да ги исфрлиме во преден план нашите компаративни предности, да се осврнеме и да ги подобриме аспектите во нашето работење каде сеуште постои простор за подобрување, да направиме обид да ги отстраниме недостатоците и да ги усогласиме нашите претстојни приоритети со потребите кои ги наложува современото опкружување и потребите и очекувањата на нашите корисници на услуги и партнери.

Процесот на трансформации треба да ни овозможи суштински промени во начинот на размислување и работење на национално и локално ниво, како обединета организација која постојано тежнее да биде подобра и поефикасна за да биде во можност да одговори на предизвиците на нашите корисници кои потпаѓаат во делокругот на работењето на Црвениот крст. Трансформациските промени треба да резултираат со подобрена перцепција за работата на Црвениот крст во општественото опкружување но пред се со зголемено задоволство на нашите корисници од обезбедените услуги, зголемен интерес на партнерите за финансирање, поддршка и заедничка работа со Црвениот крст.



# ЗА ЦКРСМ

Црвениот крст на РСМ е најголемата хуманитарна организација во Република Северна Македонија и е дел од 192 национални друштва членки на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина. Во своето 77 годишно постоење се залага за подобрување на животот на ранливото население преку мобилизирање на моќта на хуманоста. Преку нашите 33 Општински организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје дејствуваме во спречување и ублажување на човековото страдање, заштита на животот и здравјето, унапредување на социјалната состојба, обезбедување почит и достоинство на луѓето, особено во случај на вонредни состојби, промовирање на меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности и поттикнување на  доброволното ангажирање и постојаната подготвеност за давање помош, солидарност и хуманост. Дејствуваме, поттикнуваме и промовираме хумани вредности за навремено да одговориме на современите хуманитарни предизвици, а притоа решени сме да направиме повеќе, да го направиме тоа подобро и да стигнеме подалеку.

Со илјадници волонтери и членови во своите редови, дејствуваме како помошник на властите во државата во креирање на здраво и безбедно општество, служејќи им на граѓаните, пред се на најранливите и оние кои имаат потреба од помош. Во нашите напори да одговориме на потребите на различни целни групи соработуваме со институции и партнерски организации за превенција на болести, подобрување на здравјето и ублажување на човечкото страдање преку сопствени програми на полето на образованието, здравствената и социјална грижа за доброто на заедниците. Спроведуваме итни операции за обезбедување на хуманитарна помош, а даваме и други услуги за помагање на жртвите на вооружени судири согласно со Женевските конвенции. Организираме активности за помош на жртвите од природни катастрофи и други вонредни ситуации. Го промовираме почитувањето на меѓународното хуманитарно право, основните принципи и идеали на Движењето и ја подигаме свеста за заштитата на амблемите на Црвен крст и Црвена полумесечина.



# СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ 2030

**Нашите стратешки цели** се во согласност со целите на Стратегијата 2030 на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина и се фокусираат на следниве аспекти:

**Цел 1:** Луѓето да може да предвидуваат, преживуваат и брзо да закрепнуваат од кризи

**Цел 2:** Луѓето да водат безбеден, здрав и достоинствен живот и да имаат можности да напредуваат

**Цел 3:** Луѓето да се мобилизираат во инклузивни и мирни заедници

# ПРИОРИТЕТИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РСМ ВО 2023 ГОДИНА

Приоритетите и оперативниот план и буџет на Црвен крст на РСМ за 2023 година се изготвени врз основа на Стратегијата 2030 на националното друштво и имаат за цел да обезбедат зајакнување на отпорноста на заедницата преку поефикасна подготвеност, ублажување на последиците од кризни состојби, превенција, рано предупредување и рана акција. Тие исто така преставуваат основа за новите трансформациски промени во начинот на работата на националното друштво за обезбедување на координација на ООЦК/ ЦКГ Скопје и сеопфатен развој на националното друштво.

Во рамки на имплементацијата на Програмата за работа и буџетот за 2023 година Црвен крст на РСМ ги идентификуваше најприоритетните постојни и нови предизвици кои се дел од работата на нашата организација и кои ќе ни бидат основа за преземање на локални акции за менаџирање и остварување на позитивни глобални промени во нашата земја и пошироко. За да одговори на овие предизвици, Црвен крст на РСМ ја организира својата работа преку имплементација на шест стратешки приоритети кои иако во овој документ се претставени како засебни целини, сепак се тесно меѓусебно поврзани. Нашите приоритети се:

1. **ВОСПОСТАВУВАЊЕ ОДРЖЛИВИ ПАРТНЕРСТВА**
2. **КЛИМАТСКА КРИЗА И КРИЗНА СОСТОЈБА ПОВРЗАНА СО НАШАТА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**
3. **ЗАЧЕСТЕНОСТ НА КРИЗИ И КАТАСТРОФИ**
4. **РАСТЕЧКИ ПРЕДИЗВИЦИ ВО ЗДРАВСТВЕНАТА И СОЦИЈАЛНА СФЕРА**
5. **МИГРАЦИИТЕ КАКО ХУМАНИТАРЕН ИМПЕРАТИВ**
6. **ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ, ВКЛУЧЕНОСТ И ПРОМОЦИЈА НА МХП**

# ТРАНСФОРМАЦИСКИ ПРОМЕНИ ВО ЦРВЕН КРСТ НА РСМ

Економските состојби и предизвиците кои произлегуваат од климатските промени, катастрофите и здравствените и социјални предизвици на голем дел од населението во Република Северна Македонија но и во глобални рамки постојано стануваат се покомплексни и влијаат врз севкупните општествени текови и добросостојбата на луѓето. Во периодот пред нас се очекуваат големи промени во начинот на кој живееме како резултат на кризите и ранливостите на населението со кои веројатно ќе се соочиме.

Со цел да одговори на овие најразлични предизвици, Црвениот крст на РСМ започнува процес на трансформации наречен Трансформација - 28 за да иницираме нови иновативни и позитиви процеси и системи во нашата организација за да бидеме во можност подобро да се справиме со современите предизвици и да постигнеме мерливи подобрувања во ефикасноста, ефективноста и, се разбира, во задоволување на потребите на нашите корисници на услуги. Трансформација - 28 претставува наша храбра амбиција која оди подалеку од постепена промена – тоа е можност да ги преиспитаме нашите деловни и оперативни модели за да испорачуваме додадена вредност. Тоа подразбира и носење стратешки одлуки кои ќе влијаат на тоа како ќе се развиваме, како ќе функционираме и какви видови подобрувања може да очекуваме во перформансите во нашето работење.

Трансформациите кои ги започнуваме не се поединечен настан. Тоа е патување кое е дизајнирано за да го постигнеме посакуваниот импакт на две нивоа – индивидуално и организациско. Да ја преиспитаме успешноста во нашето работење, да видиме како поефикасно да се натпреваруваме на различни полиња, како да станеме поагилна организација.

Трансформациското патувањето едноставно треба да ни помогне да согледаме како да ја менуваме и адаптираме нашата агенда за да одговориме на континуираната динамика во надворешното опкружување. Очекуваме нашето трансформациското патување да ни помогне да го согледаме спектарот на можности во дефинирањето на стандардите за успешност малку поразлично од традиционалниот пејзаж со кој сме опкружени во тековното работење. Со цел овие трансформации да бидат успешни ќе се трудиме системски да ги асимилираме гледиштата на управата, раководството, вработените и волонтерите со цел да ги интегрираме сите вредности и гледишта на нашата организација. Промените во следните пет години пред се очекуваме дека ќе ни овозможат и нов концепт на лидерството и носење одлуки на национално и локално ниво - каде што локалните заедници ќе бидат центарот на нашите промени.

Се надеваме дека процесот на трансформација ќе резултира со наша зголемена ефикасност, подобро планирање со цел да бидеме порелевантни во обезбедувањето на нашите услуги за најранливото население во државата. Во овој процес кој го замислуваме како динамичка рамка активно ќе вклучиме разни општествени чинители но пред се севкупната организација на Црвениот крст на национално и локално ниво, раководната и управната структура, нашите волонтери и членови на Црвениот крст на РСМ. Нашите очекувања се процесот на трансформации да ни овозможи надградба на нашите капацитети преку одржливи решенија за подобрена функционалност и ефикасност и поширок спектар на можности за задоволување на најитните потреби и ранливи состојби работејќи во согласност со основните принципи, на транспарентен и отчетен начин. Ги покануваме сите наши волонтери, членови, вработени и партнери да се приклучат на нашето трансформациско патување кое ќе ни отвори нови видици за реализација на нашите амбиции и ќе ни покаже нови можности како да бидеме поефикасна и поодговорна организација која обединува во духот на солидарноста и хуманоста во интерес на ранливите категории на население кои ги опслужуваме. Бидете со нас, на овој пат полн со предизвици, каде промените ќе бидат средство за успешност и каде единствено мерило ќе бидат нашите резултати, спасен живот, насмеано лице.



# НАЦИОНАЛНО ДРУШТВО КАКО СИЛЕН И ЕФЕКТИВЕН ЧИНИТЕЛ ВО ДРЖАВАТА

**Предвидени финансиски средства**
**481.500 денари**

## Оперативен контекст

Успешното соочување со предизвиците и остварените резултатите во работењето во изминатиот период создадоа позитивни предуслови за продлабочување на соработката со партнерски организации и промовирање на нови иницијативи за поддршка на најранливите категории на население. Имајќи ја во предвид препознаената улога на помагател на властите во имплементацијата на одредени програмски активности како и позитивниот имиџ пред партнерските организации и корисниците на услуги, Црвениот крст на РСМ е насочен кон продлабочување на соработката со своите партнери и унапредување на квалитетот на испорачаните услуги како и истражување на нови можности за дополнителни иницијативи.

## Стратешки пристап

Со постојано обезбедување на поддршка во работата како и заедничко дејствување со релевантните чинители во заедниците, градиме квалитетен и навремен одговор на хуманитарните потреби на населението, активна вклученост, зајакнување на довербата и развој на здраво и безбедно општество. Воспоставената соработка е проследена со отчетно, транспарентно и одговорно имплементирање на заеднички иницијативи поткрепени со мерливи показатели за успешност. Во 2023 година соработката со партнерските организации ќе биде насочена кон намалување на ризикот и влијанието од катастрофи и кризи, градење на отпорност на заедниците и обезбедување на основни здравствени и социјални услуги кои им се потребни на населението. Преку проактивен пристап на локално и национално ниво ќе ги следиме актуелните потреби и следствено ќе иницираме заеднички активности со своите партнери кои ќе бидат навремени, соодветни и квалитетни, со максимална почит кон достоинството на корисниците.

### Резултат 1

Оперативното и програмското продлабочување на соработката се спроведува преку зацврстен дијалог, проектни и програмски иницијативи и заложби што резултираат со конкретни финансиски поддршки како и овластувања во спроведување на одредени сервиси и обуки за ранливи категории на население.

### Резултат 2

Црвениот крст на РСМ применува пристап на заедничко идентификување на хуманитарните потреби на населението во соработка со локалните партнери и подготовка на заеднички акциски планови за обезбедување навремен и квалитетен одговор на истите.

### Резултат 3

Црвениот крст на РСМ со своите партнерски организации од Движењето имплементира билатерални планови за акција на национално и локално ниво.



## Активности и целни показатели

- Менторирана и координирана е примена на Водич за партнерска соработка на општинските организации со единици на локални самоуправи каде 33 Општински организации и Црвен крст на град Скопје имаат ревидирани/потпишани нови договори за соработка со локалните самоуправи и институции кои се на нивната територија на дејствување.
- Имплементирани се заеднички проекти со четири партнерски национални друштва за поддршка на мигрантите кои транзитираат низ државата и ранливи категории на население во Република Северна Македонија.
- Имплементирани се студиски размени за зајакнување на капацитетите на раководната и управната структура со три национални друштва во регионот.
- Спроведена е длабинска анализа од страна на МКЦК и националното друштво е промовирано во „ниво 3“ на партнерски организации.
- Одржани се работни средби со национални институции за промовирање на помошната улога на националното друштво во државата и местото и улогата на Црвениот крст на РСМ во општественото опкружување.
- Прилагодена е нормативна рамка во националното друштво согласно со позитивна законска рамка.
- Ревидирани се и прилагодени политиките на националното друштво согласно политиките на Движењето на Црвениот крст и Црвената полумесечина.



# ЕФЕКТИВНА ФУНКЦИОНАЛНА МРЕЖА

**Предвидени финансиски средства**
**2.580.000 денари**

### Оперативен контекст

Црвениот крст на РСМ преку својатата мрежа на дејствување настојува да одговори на хуманитарните потреби на најранливите категории на население, со цел да овозможи испорака на услуги во области каде е препознат како организација со соодветни капацитети. И покрај сите разлики кои постојат во работењето на локално ниво, особено внимание се посветува на усогласеност за дефинирање на пристапи, политики и позиции во работењето. Взаемната поддршка на сите организациони нивоа, воспоставените механизми и норматива, се предуслов за градење на ефикасен и ефективен единствен систем на дејствување на организацијата во мирнодопски услови и во време на кризи.

### Стратешки пристап

Ефикасната и функционална мрежа на дејствување дополнително ја потврдува помошната улога на националното друштво како почитуван и признат непристрасен хуманитарен чинител во државата кој ги промовира принципите, вредностите и политиките на Движењето за да се обезбеди сеопфатен хуманитарен одговор на потребите на населението. За таа цел особено внимание ќе се посвети на институционален развој преку зајакнување на структурата и капацитетите за испорака на услуги, менаџмент и квалитетно раководење. Развојот на општинските организации ќе се подржи преку менторирање, проектна поддршка и примена на алатки за анализа на состојби, препознавање на предизвици и утврдување на локални развојни приоритети.

### Резултат 1

Примена на менторски пристап и унифицирани алатки за развој на општински организации.

### Резултат 2

Зајакнати капацитети на претставници на општински организации и Црвен крст на град Скопје за развивање на релевантни и одржливи услуги, партнерства и менаџмент.

## Активности и целни показатели

- Поддржана е имплементација на 14 проектни иницијативи на ООЦК преку Фондот за развој и проекти на Црвениот крст на РСМ.
- Имплементирана менторска развојна програма за поддршка на 8 ООЦК.
- Спроведени се обуки за 33 вработени и волонтери за подготовка на проектни иницијативи.
- Спроведени се обуки за 33 вработени и волонтери за планирање и подготовка на развојни стратегии.
- Редовни работни средби за размена на искуства и унапредување на заедничкото работење на претставниците на раководните тела.




"ЧЕВЛИ ЗА СИТЕ"
Црвен крст на Република Северна Македонија
Kryqi i Kuq i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Red Cross of The Republic of North Macedonia

# ЗДРАВСТВЕНО – ПРЕВЕНТИВНИ ПРОГРАМИ

| Предвидени финансиски средства | Број на опфатени лица |
| --- | --- |
| 2.580.000 денари | 35.000 |

### Оперативен контекст

Согласно актуелните здравствени приоритети од постојната стратегија 2021-2030 на Министерството за здравство на РСМ потребно е да се подобрат индикаторите за здравје на населението преку зголемување на здравствената писменост кај ранливото население во државата. Посебен акцент треба да се даде на зголемување на здравствена писменост кај адолесцентите и децата на училишна возраст, мајки, стари и маргинализирани лица. Хроничните заразни и незаразни заболувања како што се дијабетес, рак, кардиоваскуларни заболувања, туберкулоза, ХИВ/СИДА, и сл. се во постојан пораст и претставуваат голем јавно здравствен проблем во државата. КОВИД-19 пандемијата сеуште е актуелна во државата и истата понатаму се рефлектира врз функционирањето на здравствените системи во земјата. Старите лица, лицата со хронични заболувања, децата и адолесцентите се најпогодени од пандемијата. Сеуште постои потреба од интегриран пристап за одговор на предизвиците од пандемијата за што активен придонес дава и Црвениот крст на РСМ.

### Стратешки пристап

Црвениот крст на РСМ ќе работи на подобрување на пристапот кон здравствена грижа во заедниците, со акцент на здравствена промоција, мобилизација на заедниците и превенција на заболувања. Здравствено превентивните програми ќе ги адресираат здравствените приоритети на најранливите групи на население преку сензибилизација и здравствена едукација за превенција и контрола на различни заболувања. Националното друштво активно ќе работи на прашања поврзани со превенција на заразни и незаразни болести, злоупотреба на супстанци, сексуално и репродуктивно здравје, промоција на хигиена, едукација на населението за превенција на епидемии и пандемии, како и подигање на свеста за здравствените ризици предизвикани од климатските промени. Ќе ги насочиме нашите здравствено превентивни активности кон интегрирано здравје и здравствена едукација насочена кон заедницата.

Овие активности ќе се спроведуваат во соработка со Министерството за здравство, Институтот за јавно здравје, СЗО, УНФПА, Меѓународна Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина, АДА, Австриски Црвен крст и други партнери и поддржувачи.

### Резултат 1

Зајакнати капацитети и подготвеност на националното друштво и заедницата за здравствена грижа во итни и кризни состојби.

### Резултат 2

Унапредено индивидуалното здравје и здравјето на заедницата преку поефикасни и поинклузивни здравствено - превентивни програми.

### Резултат 3

Унапредени капацитети на националното друштво и подигната свест на населението за справување со здравствените последици предизвикани од климатските промени.

## Активности и целни показатели

- Развиен систем за унапредување на капацитетите на НД за справување со здравствени ризици предизвикани од кризни состојби и катастрофи -  обучени 50 волонтери и вработени на Црвен крст на РСМ за здравствен менаџмент во кризни состојби.
- Подигнато ниво на здравствена писменост и подобрени вештини и знаења кај населението за здравствени ризици предизвикани од кризни состојби – спроведени информативни работилници за превенција на заразни заболувања и промоција на хигиена, едуцирани 500 лица од различни целни групи.
- Подигната свест кај населението за сопственото здравје и последици од хронични заразни и незаразни заболувања - спроведени 180 едукативни предавања и работилници и едуцирани 1.800 лица.
- Одржана ниска преваленца на ХИВ/СИДА кај 700 лица кои инјектираат дрога на територија на град Прилеп, Велес и Кичево. Дистрибуирана стерилна опрема за инјектирање, медицински материјали, кондоми, лубриканти, ИЕК материјали.
- Обезбедена поддршка на мобилните амбуланти кои спроведуваат гинеколошки прегледи на ранлива категорија на жени на територија на РСМ.
- Подигната  свест на населението во државата за климатски промени и нивното влијание врз здравјето - спроведени 30 информативни  работилници со опфатени 400 лица.



# ПРВА ПОМОШ

**Предвидени финансиски средства**
**9.772.000 денари**

**Број на опфатени лица**
**70.000**

## Оперативен контекст

Секој ден илјадници луѓе ги губат своите животи и страдаат непотребно, поради тоа што не им е пружена соодветна и навремена помош. Голем дел од населението во државата нема доволно знаење и вештини за правилно укажување на основна прва помош во итни ситуации. Ова води до непотребни смртни случаи, повреди и инвалидитет а тоа допринесува за големо оптоварување на службите за итна медицинска помош. Ситуацијата би можела значително да се промени ако повеќе луѓе се свесни за значењето и правилно се обучени за давање на прва помош. Првата помош не секогаш е укажана од медицински лица, бидејќи во секојдневните несреќи и вонредни ситуации обичните луѓе често се принудени да укажат прва помош за да спасат нечиј живот. Сите луѓе се́ помалку или повеќе ранливи, но сите поседуваат способност да научат да дадат прва помош. Првата помош е витален иницијален чекор за обезбедување на ефикасна и брза интервенција која помага за намалување на сериозни повреди и ги зголемува шансите за преживување.

## Стратешки пристап

Примарна цел на националното друштво е зајакнување на постојните материјални и човечки капацитети во обезбедување на ефикасни и квалитетни услуги од областа на првата помош за различни целни групи, воведување на нови и развој на постојните програмски активности од областа на првата помош, нивна имплементација, промоција и зајакнување на партнерската соработка. Црвениот крст на РСМ ќе се насочи кон системско етаблирање на првата помош преку воспоставување на функционален стручен центар по прва помош. Во текот на овој процес ќе се изработат наставни програми, модули и прирачници за нови обуки по прва помош за различни целни групи, како и посебна програма за обука на парамедици. Ќе работиме на дигитализација на курсевите по прва помош со што ќе се овозможи поголема и полесна достапност до населението на РСМ. Црвениот крст во соработка со Министерството за образование и наука ќе работи на интегрирање на првата помош во наставната програма во основните и средни училишта.

Партнери за соработка и поддршка: Министерство за здравство, Воено-медицински центар, РСБСП, Армија на РСМ и Австриски Црвен крст.

### Резултат 1

Унапредени капацитети на националното друштво во областа на прва помош.

### Резултат 2

Зголемен број на едуцирано население и подигната свест за правилно и навремено пружање на прва помош.



## Активности и целни показатели

- Одбележан Светскиот ден на прва помош – подигната свест за важноста и значењето од правилна и навремено обезбедена прва помош кај минимум 10.000 лица.
- Организирани на општински и државен натпревар по прва помош со учество на 32 ООЦК.

  Воведени нови наставни програми за курсеви по прва помош за деца и стари лица кои ќе бидат пилотирани во ЦКГС и 3 ООЦК.
- Спроведени курсеви по прва помош за возачи, работни организации и пловни објекти - обучени над 28.000 кандидати.
- Обезбедена промоција на првата помош - подигната свест на 25.000 млади од основни и средни училишта.
- Обезбедена дигитализација на курсевите по прва помош.
- Развиена посебна програма за обука на парамедици верификувана од Центарот за образование на возрасните.



# КРВОДАРИТЕЛСТВО

| Предвидени финансиски средства | Број на опфатени лица |
|---|---|
| **11.000.000 денари** | **30.000** |

### Оперативен контекст

Крводарителството во РСМ се темели на принципите на доброволност, анонимност и бесплатност. Дарувањето на крв е право и обврска на граѓаните, што произлегува од одредбите на Законот за здравствена заштита, при што граѓаните имаат право на здравствена заштита, вклучувајќи го и лекувањето со крв и крвни компоненти. Крводарителството во Република Северна Македонија има општествено значење и претставува дејност од општ интерес. Без потребните количества сигурна крв не е можно да се обезбеди современа, квалитетна и рационална здравствена заштита на населението. Обезбедувањето на потребните количества на крв и крвни компоненти во голема мера зависи од напорите за поттикнување национална свесност за важноста на крвта со цел да се обезбеди висок степен на мотивираност на граѓаните да даруваат крв преку правилна и насочена здравствено-воспитна и мотивациска активност.

### Стратешки пристап

Црвениот крст на РСМ обезбедува континуирана здравствено-воспитна и мотивациска работа со населението, врши непосредна подготовка на крводарителските акции во сите средини, изготвува информативно-пропаганден материјал, врши евидентирање на крводарителските акции, изготвува периодични и годишни извештаи за работа, и доделува признанија на крводарителите. Црвениот крст на РСМ посветува посебна грижа на планирање и организирање на крводарителските акции преку спроведување на Годишниот интегрален план за организирање на крводарителски акции во Република Северна Македонија, организира едукативни форми за обука на мотиватори за доброволно крводарителство, волонтери и професионално вработени лица и разменува позитивни искуства за доброволно крводарителство со други национални друштва на Црвен крст. Овие активности се реализираат во соработка со Институтот за трансфузиона медицина, со поддршка од Министерство за здравство на Република Северна Македонија преку Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во РСМ за 2023 година.

### Резултат 1

Подигната е свеста кај населението и зголемен е степенот на мотивираност за доброволно крводарителство.

### Резултат 2

Зајакнати се капацитетите и подобрен е квалитетот на услуги за едукација и регрутирање на нови и млади крводарители.

### Резултат 3

Подобрена е информираноста на крводарителите за нивните права и бенефиции и ставена е во функција мобилна апликација за крводарителство.



## Активности и целни показатели

- Организирани се околу 800 крводарителски акции на територија на РСМ и обезбедени се 55.000 единици крв на годишно ниво.
- Одржани се четири семинари и работилници за едукација на мотиватори, волонтери и професионално вработени лица за доброволно крводарителство и одржан е 5-от Форум за доброволно крводарителство, на кои се опфатени околу 120 лица.
- Подобрена е информираноста на крводарителите за користење на нивните права и бенефиции и ставена е во функција мобилната апликација.



# СОЦИЈАЛНО - ХУМАНИТАРНИ ПРОГРАМИ

| Предвидени финансиски средства | Број на опфатени лица |
|---|---|
| 14.850.000 денари | 10.000 |

## Оперативен контекст

Глобалните социо-економски предизвици кои се последица на пролонгираната пандемија, како и војната во Украина се рефлектираат негативно и во нашето општество. Демографските промени во државата продолжуваат да се движат кон забрзано стареење на населението, додека зголемена е потребата за справување со сиромаштијата и социјалната вклученост во пресрет на енергетската криза која носи нови предизвици на економијата во земјата. Во тој контекст државните механизми за помош на ранливите групи на граѓани немаат доволно капацитети да се справат целосно со предизвиците, со тоа е зголемена и потребата за инволвирање на сите чинители кои се во можност да помогнат. Црвениот крст на РСМ зазема значителна улога во напорите за помош и поддршка на ранливите категории на граѓани преку развивање на социјални услуги со цел да се придонесе во подобрување на квалитетот на нивниот живот.

Црвениот крст на РСМ преку проекти поддржани од Австриискиот Црвен крст, Австриската Агенција за Развој, Швајцарскиот Црвен крст, Швајцарската агенција за развој, Австриското Министерство за социјална работа, здравство, грижа и заштита на потрошувачите, Европската унија, како и меѓународни организации и агенции развива современи социјални услуги кои претставуваат решение за потребите на постарото, како и ранливото население. Од исклучително значење е континуираната соработка и поддршка на Министерството за труд и социјална политика, Министерството за образование и наука, Министерството за внатрешни работи, како и соработката со невладиниот сектор во земјата, преку која Црвениот крст на РСМ ја зацврстува својата позиција на препознатлив партнер за соодветно, квалитетно и ефикасно интервенирање, превенирање и испорачување на социјални услуги за различни целни групи население соочени со одредени социјални предизвици.

## Стратешки пристап

Една од основните цели на националното друштво е обезбедување на придонес во намалување на ранливоста на населението во заедниците. Во таа насока потребен е поширок пристап кој бара интервенции низ повеќе димензии. Ќе работиме на поттикнување на социјалната интеграција на ранливите целни групи на население и ќе го промовираме партиципативниот пристап на дејствување со вклученост на сите засегнати страни вклучително и ранливото население за проактивен одговор на предизвиците со кои се соочуваат. Особено ќе се посветиме кон инвестирање во јакнење на капацитетите на долгорочно невработените ранливи лица за нивна позитивна промена преку стекнување на соодветни компетенции за професионален одговор и конкурентност на пазарот на труд. Посебен акцент ќе ставиме на развојот на социјалните сервиси за испорака на квалитетни услуги за нега и помош на стари лица и лица со попреченост во нивните домови, развој на услугата за лична асистенција на лица со попреченост, како и воведување на иновативни сервиси за граѓаните во заедниците за помош и грижа на своите изнемоштени членови на семејството. Со цел пошироко информирање на граѓаните за постоење и поефикасен пристап до социјалните услуги кои ги нуди Црвениот крст ќе се креира и воспостави дигитална платформа. Хуманитарниот одговор на елементарните потреби на лицата кои се наоѓаат во социјален ризик и натаму ќе претставува наше вложување за обезбедување на соодветни капацитети за основните интервенции. Континуирано ќе се јакнат капацитетите на националното друштво за соодветно застапување и вклучување во процесите на креирање политики и донесување одлуки за социјално вклучување на ранливи целни групи население.

## Резултат 1

Придонес во подобрување на  условите за живот и социјална вклученост на  ранливи целни групи население, преку квалитетни социјални услуги во заедницата.

## Резултат 2

Развој на иновативни пристапи за социјална интервенција во намалување на ранливоста на населението.

# Активности и целни показатели

- Зајакнати капацитети и стекнати вештини и знаења на долгорочно невработени ранливи лица за професионална испорака на социјални услуги:

    - Спроведени минимум 20 обуки за негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост - обучени 300 негуватели.

    - Спроведени 6 обуки за асистенти за нега на лица од алцхајмерова болест и палијативни негуватели за изнемоштени лица - обучени 80 асистенти и негуватели.

    - Организирани 8 обуки за лична асистенција на лица со попреченост -  обучени 100 долгорочно невработени лица.

- Едуцирани 16 едукатори за спроведување на верификувани програми на Црвениот крст на РСМ за обука за негуватели за помош и нега на стари лица и лица со попреченост, лична асистенција на лица со попреченост, палијативни негуватели и асистенти за нега на лица со алцхајмерова болест.
- Испорачани квалитетни социјални услуги за помош и нега во домот за над 450 постари  лица.
- Обезбедена лична асистенција за над 300 лица со попреченост во домот, работното место и во заедницата.
- Испорачани услуги за стари лица во домашни услови -  Итно Копче со опфатени 110 корисници (стари лица и лица со попреченост), од различен социјален статус на територијата на град Скопје. Обезбедени се партнерства за зголемување на капацитетот на корисници на 150 граѓани.
- Обезбедување на ресурси со цел воспоставување на Социјално медицински центар во Струга.
- Јакнење на капацитетите на 11 лица од тимот со цел зголемување на квалитетот на услугата Итно копче преку организирање на 8 едукативни работилници предводени од тим на медицински експерти.
- Развој на иновативни пристапи за долгорочна нега во домот. Воспоставена и развиена услуга за граѓаните - едукација за поддршка и нега на нивни постари членови во семејството. Зајакнати капацитети на националното друштво за испорака на овој вид на услуга во домот - обучени 60 граѓани за помош и нега во домот.
- Поддржани се здруженија на граѓани, и членки на мрежата ИнклузиваМ за имплементација на вкупно 10 микро проекти за зголемување на социјалната вклученост и учество на постарите лица и лица со попреченост во локалните заедници.
- Придонес во подобрување на социјализацијата на над 320 деца и млади со попреченост од дневните центри и деца во згрижувачки семејства.
- Подигната е свеста на над 1000 млади лица преку врсничка едукација за борба против трговија со луѓе.
- Спроведена кампања за борба против сиромаштијата и гладта, и мобилизирани ресурси за помош на ранливо население, поддржани над 3000 семејства.
- Подигната јавна свест за потребната поддршка и социјална вклученост на  постарите граѓани. Вклучени над 3000 постари граѓани во активности за активно и здраво стареење.


00 %
ЦРВЕН
КРСТ



# БЕГАЛЦИ И МИГРАНТИ

| Предвидени финансиски средства | Број на опфатени лица |
|---|---|
| 23.294.000 денари | 5.000 |

## Оперативен контекст

Црвен крст на Република Северна Македонија, досега се соочи со неколку големи бегалски кризи и успешно успеа да ги надмине предизвиците, притоа ставајќи ги во функција своите материјални и човечки капацитети за справување со овие ситуации. Хуманитарниот пристап кој значи брза интервенција и навремено пружена помош на лицата кои имаат потреба од истата, придонесе за добра репутација на нашето националното друштво, што овозможи дополнително зајакнување на улогата во системот на цивилна заштита. Црвениот крст на РСМ координира сет на хуманитарни активности за мигранти, бегалци, лица барателите на азил во земјава. Ова ги вклучува бегалците во транзитните центри, барателите на азил, ирегуларните мигранти и бегалци на јужната и северната граница и лицата под меѓународна заштита. Го поддржуваме и процесот на локална интеграција на лицата на кои им е одобрена меѓународна заштита во РСМ со акцент на нивна поддршка во остварување на правата од социјална и здравствена заштита и олеснета социјализација. Како последица на меѓународниот вооружен конфликт во Украина, во 2022 година, евидентирано е присуство на лица од оваа земја на територијата на Република Северна Македонија, за кои Црвен крст обезбедува континуирана хуманитарна помош и сет активности за нивна полесна интеграција. Во сите овие бегалски кризи Црвен крст на РСМ има лидерска улога која ја реализира преку директна соработка со релевантните институции особено Министерството за внатрешни работи, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство и бројни невладини и меѓународни организации. На овој начин се гради сестран пристап во проценката на потребите и обезбедување поддршка за бегалците.

## Стратешки пристап

Следејќи ги движењата на глобално ниво, но и нивната рефлексија во локален контекст, Црвениот крст на РСМ, согласно мандатот и позицијата која ја има во системот, ќе продолжи со активности во насока на ублажување на страдањата на мигрантите и бегалците. Планираните активности ќе се темелат на искуствата од терен, научените лекции од минатото како предуслов за добро менаџирање со кризи и основа на која ги поставуваме сите наредни планови за имплементација на активности. Соодветниот одговор на потребите на лицата од интерес ќе значи координиран пристап на терен со сите релевантни организации и државни институции, координираност во пружање на поддршка и сервисни активности, зајакнување на адвокативноста и хуманитарната дипломатија на Црвениот крст на РСМ. Активно ќе партиципираме, но и ќе иницираме активности за надградба на сопствените капацитети, но и капацитетите на институциите за одговор и дејствување при катастрофи и кризни состојби со цел постручно идентификување и испорачување на потребни услуги, мобилизирање на ресурси, стручна поддршка и транспарентност, и вклучување во анализите на одговор на кризата. Црвен крст на РСМ активно ќе партиципира во одговорните тела со релевантните претставници од институциите на системот и НВО кои работат на ова поле, со цел промовирање на нормативни решенија, практични модалитети на комуникација и промовирање на дијалогот во врска со одредени теми од кризниот менаџмент. Во насока на подигање на свеста за потреби на бегалците и мигрантите и сензитивизирање на јавноста со цел надминување на стереотипите и предрасудите кои водат до дискриминација, ќе бидат подготвени промотивни материјали и активности. Тргнувајќи од фактот дека токму волонтерите на Црвениот крст се основната нишка на нашето делување во кризни состојби, ќе работиме на нивно мотивирање, зајакнување на нивите лични и професионални капацитети и ќе ја зајакнуваме волонтерската мрежа. Посебно внимание ќе се посвети на градење на добра база и механизми за брзо активирање на соодветно обучени волонтери при итни состојби.





### Резултат 1

Преку хуманитарна асистенција на бегалци, ирегуларни мигранти, лица со хуманитарен статус и останати групи лица во движење на територија на РСМ, ќе дадеме придонес во ублажување на нивната состојба на ранливост.

### Резултат 2

Олеснет процес на интеграција на лицата баратели на азил и лицата под меѓународна заштита во РСМ и овозможување на полесна инклузија во заедницата и сите сфери на системот.

## Активности и целни показатели

- Преку делување на мобилните тимови на Црвен крст, ќе биде овозможена хуманитарна помош и асистенција на повеќе од 5.000 бегалци со акцент на дистрибуција на хуманитарна помош во храна и непрехранбени продукти, прва помош и транспорт до медицински установи, семејно обединување, прва психолошка помош.

  Обезбедена поддршка во процесот на интеграција и социјализација на лицата баратели на азил и лицата под меѓународна заштита и нивна поддршка во процесот на остварување на гарантираните права во областа на социјална и здравствена заштита.

- Спроведени активности за засилување на адвокативноста на Црвен крст пред надлежните институции во системот со цел олеснет пристап до гарантираните права на лицата бегалци, баратели на азил и лица под меѓународна заштита во РСМ и поголема препознатливост на организацијата во доменот интеграција.

- Обезбедена хуманитарна поддршка за повеќе од 400 лицата од Украина кои престојуваат во нашата земја преку овозможување на психо-социјална помош, изучување на македонски јазик, асистенција со пакети со храна и хигиенски производи, асистенција преку ваучери за облека и обувки, поддршка во процесот на остварување на одредени права. Преку функционирање на катчето за поддршка на децата, олеснет ќе биде нивниот престој и ќе добијат поддршка во полесно совладување на училишниот процес.

- Реализирани активности преку различни форми во насока на превенција од криумчарење, облици на трговија со луѓе, несакани сообраќајни незгоди при ирегуларното движење и сл. за лицата во движење кои транзитираат низ нашата држава.

- Спроведени активности за подигање на јавната свест за надминување на стереотипите и предрасудите кон бегалците, надминување на ксенофобијата кон оваа ранлива група.Обезбедување на ресурси со цел воспоставување на Социјално медицински центар во Струга.

- Континуирана едукација и зајакнување на личните и професионални вештини на ангажираните лица и волонтерите кои се дел од мобилните тимови на Црвен крст и лицата ангажирани во програмите за поддршка на бегалци, мигранти, баратели на азил и лица под меѓународна заштита.

- Споделување искуства, знаења и инцијативи со други национални друштва во регионот и пошироко со цел воспоставување на координиран пристап кон лицата од интерес на програмата и искористување на најдобрите практики во работењето.



# ПСИХОЛОШКА ПРВА ПОМОШ - ПСИХО-СОЦИЈАЛНА ПОДДРШКА

**Предвидени финансиски средства**
**1.129.603 денари**

**Број на опфатени лица**
**5.560**

## Оперативен контекст

Првата психолошка помош при кризи е од суштинска важност за намалување на понатамошни последици кои може да произлезат од стресниот настан. Значењето на првата психолошка помош станува се поважна а со тоа и подготвеноста на секој човек за обезбедување на истата. Пандемијата со КОВИД-19 остави низа последици врз менталниот интегритет на населението што наложува потреба за обезбедување грижа за службите на институциите кои главно беа во интеракција со населението како и за поединци на кои им е потребна ваква поддршка.

Елементарните непогоди како поплавите, пожарите и слично исто така преставуваат предизвик кон менталното здравје на погоденото население и можат да имаат долготрајни ефекти врз поединците. Психо-социјалната поддршка после настанот е потребна за поединците да закрепнат и да се вратат на своите лични капацитети.

## Стратешки пристап

Црвениот крст на РСМ како помагател на властите, се залага за воспоставување на интерагенциска и меѓуинституционална соработка за заеднички одговор при катастрофи која ја вклучува и психо-социјалната поддршка. Центарот за психо-социјална поддршка и тимовите на Црвениот крст ќе работат на развој на психо-социјалната компонента како дел на одговорот при катастрофи. Преку обезбедување на активна и континуирана поддршка базирана врз принципите на Хобфол од страна на стручни обучени лица ќе работиме на намалување на последиците од изложување на краткотраен голем стресен настан или пролонгирани стресогени глобални состојби од типот на пандемии како што беше Ковид-19 пандемијата.

Психосоцијалните тимови ќе реализираат превентивни активности поврзани со менталното здравје, ќе вршат психоедукација и ќе служат како поддршка на припадниците на итните служби за време или после изложувањето на стресогени интеракции или акции. Со цел да се зајакне отпорноста на ранливите категории, со лицата од трето доба ќе работиме на превенција и подобрување на менталното здравје, преку програми за здраво стареење. Психоедукацијата е важна компонента за превенирање на нарушувањето на менталното здравје. Центарот за психо-социјална поддршка преку споделување на психоедукативна содржина на официјални мрежи и преку интерактивна содржина на веб-страната ќе работи на достапност на информации за психолошката прва помош и насоки за одржување на менталното здравје.








## Активности и целни показатели

- Спроведени обуки за волонтери и вработени на Црвен крст на РСМ за прва психолошка помош

    - Обучени 150 волонтери на Црвен крст на РСМ за Прва Психолошка Помош;

    - 500 реализирани средби за здраво стареење.

- Зајакнати капацитетите за подготвеност, одговор и закрепнување од катастрофи поврзани со менталното здравје и психо-социјалната поддршка

    - Формиран психосоцијален тим за одговор при катастрофи.

- Воспоставена соработка помеѓу Центарот за психо-социјална поддршка и институциите

    - Обучени 60 членови на персоналот на служби за кризен менаџмент (полиција, противпожарни единици и служби за итна медицинска помош)

    - Адвокативност за одржување и заштита на менталното здравје

    - 5,000 информирани лица за важноста на менталното здравје и нормални реакции при стресни настани преку социјални мрежи

    - Минимум 50 објави за превенција на социјални мрежи.










# ПОДГОТВЕНОСТ И ДЕЈСТВУВАЊЕ ПРИ КАТАСТРОФИ

**Предвидени финансиски средства**
**2.372.000 денари**

**Број на опфатени лица**
**3.000**

## Оперативен контекст

Неодамнешните кризи и катастрофи, како глобалната мигрантска криза која ескалираше во 2015 година и која секојдневно генерира животно загрозувачки ситуации, големите катастрофи со смртни последици кои настанаа како резултат на обилни дождови и свлечишта во 2015 и 2016 година, кризата настаната на почетокот на 2020 година како резултат на пандемијата на Ковид-19, се поизразените ефекти од климатските промени и пожарите кои речиси секое лето се сериозна закана за севкупниот жив свет и природата укажуваат дека Црвен крст на РСМ постојано треба да ги надградува своите капацитети за подготвеност и одговор при катастрофи.

Националното друштво како помошник на властите во државата тесно соработува со локалната самоуправа и државните институции, (Дирекцијата за заштита и спасување и Центарот за управување со кризи), министерствата, општините и Град Скопје, како главни субјекти во системите за заштита и спасување и управување со кризи. Црвениот крст на РСМ остварува и тесна соработка со партнерски национални друштва на Црвен крст и Црвената полумесечина и Меѓународната Федерација на Црвениот крст и мобилизира неопходна партнерска поддршка за градење на институционалните капацитети за подготвеност и одговор при катастрофи и помош на погодено население при итни состојби.

## Стратешки пристап

Црвениот крст на РСМ продолжува да ја негува и унапредува соработката со државните субјекти, пред се Центарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување и други надлежни институции за мобилизирање и обезбедување на навремена поддршка за погодено население за време на кризни состојби и катастрофи.

Ќе работиме на зајакнување на капацитетите на организацијата за обезбедување на стокови резерви, надградување на системот за менаџмент со катастрофи, обуки на волонтерите и вработените лица за подготвеност во случај на катастрофи преку теоретски вежби и организирање на практични симулациски вежби во соработка со субјектите кои се дел од системот за управување со кризи и заштита и самозаштита.

Нашиот фокус исто така ќе биде насочен на воспоставување на ефикасен механизам за намалување на ризици од катастрофи, со акцент на образовните институции и пошироката популација.

## Резултат 1

Подобрен систем на НД за подготвеност, справување и управување со катастрофи и надградени капацитетите на национално ниво за подготвеност и одговор во случај на катастрофи преку обезбедување на стокови резерви.

## Резултат 2

Подигната јавната свест на пошироката популација и образовните институции за намалување на ризици од катастрофи.

## Резултат 3

Унапредена соработка со национални друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина во регионот и пошироко.

## Активности и целни показатели

- Реструктурирана програма за подготвеност и одговор при катастрофи со дефинирани клучни услуги кои може да ги обезбеди Црвен крст на РСМ.
- Подобрени оперативни и логистички капацитети за подготвеност и одговор при катастрофи на централно ниво.
- Воведени дигитални технолошки решенија за подготвеност и одговор при катастрофи.
- Подготвен стандардизиран пакет за вршење обуки за подготвеност и дејствување при катастрофи - одржани 3 симулациски вежби, обучени 30 лица за тимови за одговор во случај на катастрофи.
- Обучени 15 лица за промоција на хигиена.
- Обезбедени стокови резерви за интервенирање во случај на катастрофи - хуманитарна помош за 3000 семејства.
- Организиран курс за инструктори за безбедност на вода – обучени 5 инструктори за безбедност на вода.
- Одржан тренинг за вода санитација и промоција на хигиена, обучени 25 волонтери.
- Спроведени обуки за заштита и самозаштита во 5 училишта.
- Оспособени 50 спасители на отворени и затворени води како и обука за припадниците на Армијата на РСМ - опфатени 25 лица.
- Спроведена дисеминација за 33 ООЦК/ЦКГС за апликација за одговор во случај на катастрофи.



# ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ, ИНФОРМИРАЊЕ И КОМУНИКАЦИИ

**Предвидени финансиски средства**
**1.550.000 денари**

**Број на опфатени лица**
**100.000**

## Оперативен контекст

Односите со јавност и комуникациите се важен предуслов за Црвениот крст за градење на добар имиџ и успешни партнерски односи во државата и на меѓународен план поврзани со значењето и информирање за работата на Црвениот крст во општествени рамки и споделување информации со граѓаните и партнерите со цел да се обезбеди партиципативност во мобилизирање на средства и запознавање со работата на Црвениот крст, како и вклученост во носењето на одлуки и имплементацијата на проекти кои имаат импакт на поширокото општествено опкружување и нудат можности за вклучување во активностите на Црвениот крст во заедниците. Односите со јавноста пред се претставуваат клучна алатка.

Комуникациите за нас не се предмет на избор, туку одговорност. Преку комуникациите обезбедуваме информации за потребите на нашите заедници кои ни користат за застапување и испорака на решенија за приоритетни проблеми кои потпаѓаат под доменот на работа на Црвениот крст. Вистинските информации и застапувањето, во вистинско време и до вистинските луѓе можат да донесат трајни решенија и влијание за обезбедување на ефективна и одговорна испорака на помош и поддршка на нашата организација во соработка со различни локални, национални и меѓународни чинители.

Црвениот крст на РСМ продолжува со промовирање на нови комуникациски пристапи, за да се обезбеди поголема ефективност во опфаќањето на сите партиципиенти кои имаат клучна улога во спроведувањето на програмите на Црвениот крст со цел да се обезбеди ефикасна поддршка за целните групи на население кои ги опслужува нашата организација. Во таа насока посебно важна улога игра инкорпорирање на нови технологии и дигитални практики кои треба да ни овозможат подобро претставување на нашите цели и активности пред пошироката јавност, партнерите и целните корисници со цел подобро да се искористи нашето колективно знаење, поуспешно да се мобилизираат средства и да се обезбеди побрз проток на информации.

## Стратешки пристап

Акцентот во работата на Црвениот крст на РСМ во односите со јавноста и комуникациите ќе биде на унапредување на односот помеѓу организацијата и јавноста и партнерите преку промовирање на работата и подобрување на имиџот на Црвениот крст во државата. Во тој процес ќе инвестираме во инкорпорирање на дигиталните технологии и унапредување на комуникациски вештини за да ги искористиме севкупните потенцијали на нашата мрежа и да обезбедиме пристап до информации за нашите поддржувачи, партнери и корисници.

### Резултат 1

Воспоставена и оперативна функционална дигитална и комуникациска мрежа во националното друштво.

### Резултат 2

Унапредени комуникациски знаења и компетенции на вработени и волонтери во националното друштво за работа со дигитални технологии.

### Резултат 3

Подобрена транспарентност и имиџ на организацијата.

## Активности и целни показатели

- Публикувани и испечатени промотивни материјали, стратешки документи, публикации и поштенски доплатни марки дефинирани со законот за Црвениот крст и програмски и проектни активности во рамки на издавачката дејност на националното друштво.
- Споделени информации за реализирани активности на Црвен крст на РСМ и ООЦК/ЦКГ Скопје преку издавање на 100 изданија на е-весникот "Инфо".
- Одржана работилница со 15 новинари и уредници од електронски и пишани медиуми.



# МОБИЛИЗИРАЊЕ ВОЛОНТЕРИ И ЧЛЕНОВИ

**Предвидени финансиски средства**
**1.470.000 денари**

**Број на опфатени лица**
**25.000**

## Оперативен контекст

Волонтерските активности во Црвениот крст на РСМ во последната деценија бележат позитивен развој и покрај економските предизвици со кои се соочува нашата држава. Сепак мобилизирањето волонтери останува континуиран предизвик, со цел да се обезбедат неопходните човечки ресурси за имплементацијата на активности како одговор на потребите во локалните заедници. Волонтерското дејствување, било и останува суштината во делувањето на Црвениот крст на РСМ. Волонтирањето и мобилизирањето членови и волонтери во Црвениот крст претставуваат основа за обезбедување поинклузивно општество преку нивното учество во хуманитарната работа на Црвениот крст во локалните заедници. Промовирањето и проширувањето на волонтерската база и членство се важен предуслов за обезбедување поддршка од јавноста и спроведување на услугите на Црвениот крст со цел да обезбедиме придонес во нашето опкружување особено при кризни состојби.

## Резултат 1

Воведени нови организациски модели за менаџирање на волонтери и членови за обезбедување волонтерски услуги и мобилизирање членство во заедниците.

## Резултат 2

Инспирирани и мобилизирани волонтери за градење поинклузивно општествено опкружување преку волонтерски програми кои ја рефлектираат разновидноста на заедниците.

## Стратешки пристап

Волонтерите и членовите на Црвениот крст се основната нишка на нашето делување. Посветено ќе работиме на мотивирање на доброволното волонтирање во организацијата на Црвен крст на РСМ преку развој на нови, пофлексибилни, отворени и комплементарни приоди кои ќе ни овозможат создавање на поефикасна мрежа на хуманитарни работници кои работат за општото добро во нашите локални заедници. Ќе работиме на зајакнување на нашите пристапи за волонтерско управување, овозможувајќи партиципативен модел за работа и ефикасна поддршка за нашите волонтери и одавање признание за ангажманот и работата на волонтерите.

Посебно внимание ќе посветиме на градење систем за нудење волонтерски задачи според интересот на волонтерите и ќе инвестираме во обезбедување соодветна обука, безбедност и заштита на волонтерите, особено на оние кои работат во услови на кризна состојба. Ќе промовираме разновидност во нашата волонтерска база и можности за вклучување во нашата работа кои им се достапни на сите волонтери. Ќе промовираме подеднакви можности за волонтерски ангажман за постарите лица, меѓу-генерациска соработка и вклученост на лицата со посебни потреби, и други маргинализирани лица, кои можеби не биле во можност порано да се вклучат во Црвениот крст. Ќе инвестираме во промени каде волонтерите ќе можат да обезбедуваат поддршка, знаење и ресурси и влијание онака како што тие сакаат да ги видат во светот со цел да бидат и понатаму дел од нашето Движење.

## Активности и целни показатели

- Подготвен и дисеминиран нов Модел за членување во Црвен крст на РСМ пропратен со соодветна нормативна рамка на националното друштво. Промовирање на форми за мобилизирање нови членови во ООЦК.
- Координирање на активности на ООЦК за мобилизирање членови - обезбедени 20.000 членови на локално ниво.
- Координирање на активности на ООЦК/ЦКГ Скопје за мобилизирање волонтери - обезбедени 4.000 волонтери на локално ниво.
- Спроведена обука за менаџмент на волонтери и членови за 33 претставници на ООЦК и ЦКГ Скопје.
- Координирање на активности на ориентери на ЦКРСМ, надградување на знаења на 50 ориентери и обезбедена поддршка за активности на ориентери во 33 ООЦК. Одржана по една обука за постојни и нови ориентери во Црвен крст на РСМ.
- Креирање нефинансиски решенија за оддавање признание, наградување и мотивирање на волонтерите.
- Воспоставување на систем за редовно споделување на информации и вклучување на волонтерите во процесот на планирање и одлучување на локално ниво.
- Одбележување на Светскиот Ден на Волонтерството 5-ти декември и доделување признанија на поединци и форми за организирање на волонтерска работа кои оствариле најдобри резултати во 2023 година.
- Подготовка и воведување на ново софтверско решение за евиденција и следење на активности на волонтери со акцент на нудење можности за волонтирање во секоја општинска организација на Црвен крст преку презентирање на волонтерски задачи за вклучување во работата на Црвениот крст на локално и национално ниво.
- Развој на флексибилни активности во заедниците кои се во согласност со личните заложби на волонтерите и кореспондираат на нивниот животен стил – подготвена предлог рамка со активности.
- Ревидирана Политика за волонтерство на Црвен крст на РСМ во согласност со политиката на Меѓународната Федерација на Црвен крст и Црвена полумесечина.
- Споделување искуства, знаења и инцијативи преку Европската мрежа за развој на волонтерството на Црвен крст/Црвена полумесечина (ENDOV) – учество во иницијативи и настани во Движењето за споделување искуства и научени лекции.
- Спроведување активности за подигање на јавната свест за значењето на волонтерството во државата – организирана национална кампања за промовирање на волонтерство. Опфатени 33 ООЦК/ЦКГ Скопје.


Волонтер
платени
се
што се
#BE
HUMAN
KIND
БИДИ ЧОВЕЧЕН


не се
не затоа што
туку затоа
БЕСЦЕНЕТИ!

# МОНИТОРИНГ И ЕВАЛУАЦИЈА

## Оперативен контекст

Стручната служба на Црвен крст на РСМ континуирано иницира и планира развојни активности во секојдневното работење со цел унапредување на работата на Општинските организации. Дел од суштинските компоненти од целокупната реализација на програмските активности се мониторингот и евалуацијата без кои ниедна организација не може да биде одржлива, успешна или доверлива. Информациите и податоците произлезени од овие процеси претставуваат клучни насоки и докази во стратешкото планирање за тоа кои програми или процеси се најприфатливи и најефикасни, што, пак, овозможува подобрување во процесот на креирање проектни или програмски активности. Суштински предуслов за континуиран развој е постојано да се согледуваат тековните состојби и да се преземаат соодветни мерки кои ќе ги рефлектираат новите трендови во работењето со цел да се овозможи соодветен развој на организацијата на локално и национално ниво. Ова е особено важно во правењето напори за подобро позиционирање како водечки хуманитарен лидер во земјата во сферата на обезбедување на сеопфатни услуги за различни целни групи во локалните заедници.

## Стратешки пристап

Дел од заложбите на Црвениот крст на РСМ за континуирана надградба на организацијата е редовното следење на перформансите во работата и инвестирање на напори за унапредување на услугите и активностите на организацијата. Во 2023 година ќе работиме на систематизирање и подобрување на квалитетот на процесот на мониторинг и евалуација. Ќе инвестираме во унапредување и модернизирање на алатките за проценка на работата на Општинските организации на ЦК/ЦК на град Скопје како и Централната канцеларија и системот за внатрешно информирање преку кои ќе можат да се утврдат стандарди и критериуми кои од една страна ќе бидат водич за планирањето и имплементацијата на активностите на локално ниво, а од друга страна истите ќе бидат усогласени со актуелните потреби и можности за дејствување на локално ниво. Ќе изградиме модел за мониторинг и евалуација во кој посебно ќе бидат дефинирани засебните формати за следење на различни аспекти на работењето а Општинските организации соодветно категоризирани и оценувани што ќе биде основа не само за подобрување на перформансите во работата на Националното друштво туку и планирање на идните активности според потребите и локалниот контекст.

## Резултат 1

Унапреден и стандардизиран систем за мониторинг и евалуација како предуслов за зголемување на степенот на ефикасност, отчетност и транспарентност на организацијата.

## Резултат 2

Утврдување на развојот и недостатоците во работата на ООЦК/ЦКГС преку континуирано следење на прогресот на имплементација на програмските активности и давање препораки и мерки како основа за ефикасно трансформирање, реорганизација, надградба на капацитетите на Националното друштво.

## Активности и целни показатели

- Следена работата на ООЦК/ЦКГС/ЦКРСМ преку различните алатки и анализа на резултатите од мониторинг и предизвиците со цел донесување мерки за унапредување на работењето и развој на НД;
- Спроведена годишна проценка преку нова електронска алатка за согледување на состојби и идентификување на полиња за развој на ООЦК/ЦКГС;
- Дефинирани мерки и препораки за ООЦК/ЦКГС за надминување на одредени недостатоци или негативни трендови во работата и следење на прогресот на нивна имплементација;

- Тековно следење на перформансите на ООЦК/ЦКГС – годишни, месечни планови, квартални извештаи и ажурирање на податоци во софтвер;
- Воспоставен систем за внатрешно информирање и следење на имплементација на програмските активности во Централната канцеларија на Црвен крст на РСМ;
- Креирани и воведени нови форми и алатки за следење на различни аспекти од работењето на ООЦК/ЦКГС: обврски произлезени од заклучоци на Раководни одбори, обврски кои произлегуваат од акти, соработка на ООЦК/ЦКГС со единиците на локалната самоуправа, меѓуопштинска и меѓународна соработка/твининг партнерства и друго;
- Спроведена анализа на функционалноста на алатките за обезбедување на податоци и информации за перформансите во работењето на националното друштво и идентификување на фактори кои го помагаат или попречуваат постигнувањето на резултати; ревидирање и подобрување на функционалноста на алатките доколку се увиди потреба;
- Дигитализиран процес на мониторинг и евалуација за поефективно, побрзо и поефикасно изнаоѓање решенија за предизвиците како и за добивање попрецизни анализи за мапирање можностите и потенцијали за развој и трансформирање;
- Обезбедена континуирана поддршка за ООЦК/ЦКГС преку насоки за користење на алатки, начини на известување и одржување динамика на самоевалуација и мониторирање на работните процеси;
- Градење нова организациска култура преку иницијативи за едукација и јакнење на капацитетите со подобрување на дигиталните вештини и дигитална писменост, создавање навики и постепено воведување во нови форми на работење; дигитални платформи за воведување и континуиран професионален развој на секретар, форми за размена на искуства помеѓу ЦКРСМ и ООЦК/ЦКГС, алатки за планирање, и сл.;
- Мерење на задоволството и очекувањата на ООЦК/ЦКГС од ЦКРСМ;
- Воспоставување на „Модел на доброфункционирачка општинска организација“ кој меѓу другото ќе предвиди и категоризација на Општинските организации а со тоа ќе се подобрат алатките за мониторинг и евалуација во однос на нивната ефикасност и резултати;
- Мониторинг и евалуација на спроведувањето на процесот „Трансформација 28“.



# ЦРВЕН КРСТ ВО АКЦИЈА - ПРОМОЦИЈА НА ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ

**Предвидени финансиски средства**
**800.000 денари**

**Број на опфатени лица**
**5.000 (1.500 волонтери и 3.500 корисници)**

## Оперативен контекст

Работата на Црвениот крст на РСМ се заснова врз основа на бројот, силата и капацитетите на волонтерите и заради истото постои потреба континуирано да се инвестира во нив. Потребно е постојано зајакнување на нивните капацитети и инвестирање во знаењата во мирнодопски услови за да бидеме подобро подготвени да дејствуваме и да дадеме соодветен одговор за време на катастрофи. Ќе работиме на изнаоѓање интересни и атрактивни алатки за привлекување на волонтери како и начини за нивното задржување.

## Резултат 1

Вклучување на младите од различна етничка припадност во заеднички проекти за градење на взаемното разбирање, толеранцијата и културата на дијалог.

## Резултат 2

Зголемен број на волонтери во секоја ООЦК, мотивирани да продолжат со својот волонтерски ангажман.

## Резултат 3

Реализирани мали проекти за добробит на заедниците за поддршка на лица во ризик.

## Стратешки пристап

“Црвен Крст во Акција-Промоција на Хумани Вредности“ (ЦКА-ПХВ) е програма која веќе 24 години се имплементира во државата и претставува национална алатка за привлекување и задржување на млади волонтери во Црвениот крст, на возраст од 13 до 18 години, преку која секоја година се обучуваат по 1200 нови волонтери. Инвестираме во промовирање на културата на дијалог како основен предуслов за создавање на интеркултурно општество и промовирање на активно знаење и однос кон животот, преку принципите и вредностите на Црвениот крст. Во циклусот на обуки, младите се стекнуваат со знаења за изработка на мали проекти за добробит на заедницата. ПХВ програмата претставува ретка можност младите да ја сменат својата дневна рутина, да научат да прават добри нешта за себе, но и за другите во заедницата. Тие тимски изработуваат мали проекти, поминуваат и по 150 волонтерски часа во реализација на проектите и за да го подобрат животот на ранливи целни групи. Програмата ги вклучува учениците во активности со кои се намалуваат можностите за развој на ставови и однесување кои може да доведат до недоразбирање и ги афирмира позитивните културни вредности. Преку неа градиме подобри личности и идни лидери за нашата земја.

## Активности и целни показатели

- Реализиран состанок со секретари на ООЦК за презентирање на моделот и поддршката која треба да биде обезбедена на локално ниво;
- Одржана средба со 30 ПХВ инструктори за мотивирање и подготовка за реализација на ПХВ циклус;
- Реализирана обука за 40 нови дисеминатори во секоја Општинска организација на Црвениот крст;
- Спроведени 120 обуки (3 во секоја ООЦК) за 1.200 младинци на тема дисеминација, изработка на мали проекти;
- Имплементација на 120 мали проекти за добробит на заедница и обезбедена поддршка за 3.500 лица во ризик;
- Прегледани, евалуирани и оценети проекти од страна на ПХВ инструктори на подготвителната работилница;
- Номинирани три најдобри ООЦК (најдобри проекти со силен ефект и трајни промени во заедницата) за добивање на Пехар и парична награда;
- Доделени 1.200 благодарници за секој учесник кој изработувал мал проект;
- Реализирана ПХВ недела која се одбележува од 21-27 септември,
- Зајакнат Клубот на млади со нови волонтери.



# СЛУЖБА ЗА БАРАЊЕ – ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА СЕМЕЈНИ ВРСКИ

**Предвидени финансиски средства**
**835.970.00 денари**

**Број на опфатени лица**
**20**

## Оперативен контекст

Согласно со Женевските Конвенции и Дополнителни Протоколи, чиј потписник е и Република Северна Македонија, водењето на Службата за барање – Воспоставување семејни врски (ВСВ) е обврска на државата. Организирањето и обврските на Службата за барање од страна на Владата на Република Северна Македонија се доверени на Црвениот крст на РСМ, како партнер и помошник на властите на хуманитарен план. Улогата на националните друштва во однос на жртвите од вооружени конфликти и жртви од природни катастрофи на кои им е потребна помош е утврдена во Женевските Конвенции и мандатот на Црвениот крст. Мигрантските кризи кои добија на интензитет и приоритет на важност во последните неколку години во светот придонесоа за зголемен обем на работа и забрзан развој на Службата. Потребите на луѓето во движење, членовите на разделени семејства поради вооружен конфликт или катастрофа од секаков вид, малолетните лица, во насока на користење на сервисите на Службата за барање се се поголеми и почести. Црвениот крст на РСМ континуирано се грижи за достапна и навремена поддршка на овие лица и сеопфатен развој на Службата.

## Стратешки пристап

Црвениот крст на РСМ ќе работи на зајакнување на капацитетите на Службата за барање во Националното друштво. При тоа ќе се следат новините во работата на Службата за барање во рамки на ВСВ мрежата и нивна имплементација. Продолжуваме со активностите на ВСВ на северната и јужната граница на РСМ со цел да обезбедиме соодветна поддршка за луѓето во движење. Ќе работиме на унапредување и продлабочување на соработката со Меѓународниот комитет на Црвен крст и ќе имплементираме заеднички активности за поддршка на ранливи целни групи.

## Активности и целни показатели

- Постапено по молби за барање и спојување на членови на семејства – процесирани 20 молби за барање на исчезнати лица;
- Поведени постапки за минимум две спојувања на членови на разделени семејства;
- Овозможени ВСВ услуги (користење телефон, интернет, социјални медиуми за контакт со семејството) на граничните премини за најмалку 500 мигранти;
- Воспоставена дигитална архива и сертифициран програм за работа во рамки на ВСВ мрежата во Националното друштво;
- Надградени знаењата на лицата одговорни и обучени за ВСВ на национално и локално ниво;
- Разменети искуства преку презентирање на добри практики на национални друштва со богата архива, развиена служба и голем проток на случаи;
- Осовремена и дигитализирана архивата на Службата за барање;
- Координирани активности со Регионалниот информативен центар за ВСВ - канцеларијата на МКЦК во Белград во однос на статистики и податоци за случаи, движења и потреби во РСМ, како и учество на месечни и годишни состаноци на националните друштва кои се дел од ВСВ мрежата;


RESTORING
FAMILY LINKS

# ХУМАНИ ВРЕДНОСТИ, ВКЛУЧЕНОСТ И ПРОМОЦИЈА НА МХП

| Предвидени финансиски средства | Број на опфатени лица |
|---|---|
| 714.336 денари | 12.000 |

### Оперативен контекст

Продолжуваме во нашата мисија за ширење на знаењата за Меѓународното Движење на Црвениот крст и Црвената полумесечина, улогата и мандатот на Меѓународниот Комитет на Црвен крст, Меѓународна Федерација на друштва на Црвен крст и Црвена полумесечина и активности на национални друштва, основните принципи на Движењето, Меѓународното хуманитарно право и хуманите вредности. Дисеминацијата како алатка која гради релации со различни чинители во општеството односно со нашите корисници, поддржувачи, партнери, соработници, волонтери и членови ќе претставува важен сегмент во работењето во 2023 година. Почитувањето и афирмацијата на меѓународното хуманитарно право (МХП) е една од основните заложби на Меѓународното Движење на Црвен крст и Црвена полумесечина кое почива на одредбите од Женевските Конвенции и Дополнителни Протоколи. Црвениот крст на РСМ посветено работи на промовирање на МХП во државата.

### Стратешки пристап

Ќе се фокусираме на зајакнување на целокупниот систем на организација и реализација на програмата за дисеминација преку кадровско јакнење на Клубот за дисеминатори за МХП, Комисијата за дисеминација и МХП како и човечките ресурси со кои располагаат општинските организации на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје. Акцентот ќе биде на градење релации и партнерства со релевентните институции (високо-образовни институции, ресорни министерства, државни органи и агенции и меѓународни партнери). Ќе работиме на донесување на  соодветни политики, стратегии и планови за иновации во делувањето преку негување на нови, современи и привлечни алатки и механизми за остварување на нашите цели во областа на дисеминацијата.






### Резултат 1

Дисеминирани знаењата за Движењето на Црвениот крст до различни таргет групи на население со посебен фокус на младата популација и партнерите на Националното друштво.

### Резултат 2

Промовирано значењето на Меѓународното хуманитарно право и улогата на Црвениот крст.

## Активности и целни показатели

- Организирани обуки за дисеминатори за различни целни групи - обучени минимум 30 нови дисеминатори за општа дисеминација и минимум 20 дисеминатори за МХП
- Организирани дисеминациски сесии за различни целни групи  - опфатени минимум 9.000 лица.
- Спроведени активности за промоција на мисијата на Движењето.
- Дисеминација и афирмација на Меѓународно хуманитарно право преку кои ќе се опфатат минимум 1.500 лица.
- Спроведена Кампања за заштита на амблем на Црвен крст.
- Организирани активности на Клуб на дисеминатори за МХП за унапредување на состојбите со програмската област на делување.
- Координирана работа на Националниот комитет за МХП за промоција и афирмација на значењето на МХП пред различни чинители во општеството.

# МЛАДИ НА ЦРВЕН КРСТ

**Предвидени финансиски средства**
**1.000.000,00 денари**

**Број на опфатени лица**
**45.000 корисници**

## Оперативен Контекст

Младите од Црвениот крст на РСМ се ентузијастични, амбициозни и посветени и своите капацитети, знаења, способности и слободно време ги инвестираат во исполнување на мисијата на организацијата и помагање на оној на кој тоа му е најпотребно. Нашето делување е организирано на национално и локално ниво. Во рамките на секоја општинска организација на Црвен крст и Црвен крст на град Скопје, младите се организираат во Клубови на млади, додека на национално ниво претставници од сите клубови на млади го сочинуваат Советот на млади како највисок орган на Младите на Црвен крст на Република Северна Македонија. Во некои клубови на млади постои разгранетост на помали организациони форми поради обемната територијална покриеност во месни заедници или училишта (училишни клубови за едукација и превенција), а во некои клубови на млади има и ограноци на клубовите организирани за дејствување во одредени програми (Клуб 25; клуб на млади крводарители).

### Резултат 1

Зајакнати младински капацитети на локално и национално ниво за креирање и имплементирање на квалитетни политики, програми и проекти.

### Резултат 2

Реорганизирани и реформирани младински структури со цел испорачување на соодветни резултати од младинското работење.

### Резултат 3

Мобилизирани волонтери и кадри за клубовите на млади преку понуда на иновативни програми во согласност со потребите и трендови.

## Стратешки пристап

Работата на младите на Црвениот крст на РСМ е насочена кон потребите на младите луѓе, преку пристапот врсник на врсник и разни облици на неформална едукација со цел промоција и унапредување на здравјето, ублажување на социјалните проблеми преку хуманитарни акции, дејствување при итни состојби од хуманитарен аспект, зачувување на достоинството и различностите, обучување на младата популација за заштита и самозаштита, стекнување со вештини од областа на првата помош, промовирање на принципите на Движењето, повикување на култура на дијалог за взаемно разбирање, толеранција и хуман однос без дискриминација. Пристапот во работењето ќе биде во главно детерминиран од Стратегијата за млади 2021 – 2025 година чиј примарен фокус е фасилитирање на Клубовите на млади и програмите кои вклучуваат млади волонтери/членови во однос на насоката кон која се движат при развивање и креирање на активности и програми. Стратегијата обезбедува механизми за зајакнување на младинското учество во националното друштво и адаптација на новите потреби и предизвици кои произлегоа од пандемијата со Ковид-19 вирусот. Во процесот на зајакнување и унифицирање на работата на Клубовите на млади во 2022 година во пилот фаза беше Упатството за воспоставување на минимум стандарди за работата на Клубовите на млади кое ќе продолжи со имплементација и во 2023 година преку имплементација на соодветни оперативни активности.

## Активности и целни показатели

- Спроведени врснички едукации за превентивни програми за млади преку кои ќе бидат опфатени 30.000 лица;
- Креирани минимум три нови младински програми во областа на здравствено-превентивна дејност, социјално – хуманитарна дејност и подготвеност и делување при катастрофи;
- Одржан национален камп за обука на претставници од Клубовите на млади за организациски аспекти на младинското работење;
- Организација и реализација на младински размени со други национални друштва;
- Креирање на програми наменети за различни таргет групи на млади со посебен фокус на студентска популација;
- Одбележана Неделата на млади (1-7 октомври);
- Спроведени активности во рамки на училишните клубови во минимум 100 училишта на територијата на РСМ;
- Реализирана програма за зајакнување и унифицирање на работата на Клубовите на млади;
- Вклученост на над 1.500 волонтери во активностите на Клубовите на млади
- Мобилизирано членство од над 3.000 млади во рамки на Клубовите на млади;
- Обучени над 2.500 млади волонтери за различни теми преку работилници и обуки;




50%
ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
КРСТ

# БУЏЕТ 2023

Црвениот крст на Република Северна Македонија во својот буџет јасно ги прикажува годишните приходи и расходи, кои овозможуваат конструирање на начинот на финансирање на организацијата и можноста за спроведување на одредена активност, стратегија и план.

Вкупниот Буџет за 2023 година е зголемен за 4,03 % во однос на Буџетот од минатата 2022 година. Зголемувањето се должи како резултат на обезбедени средства преку проекти од странски донатори, како и приходи од услуги за лична асистенција на лица со попреченост и нега на стари лица и лица со попреченост во домашни услови.

Од вкупните приходи, планираните сопствени приходи оваа година учествуваат со 27,96% и во номинален износ се незначително се зголемени во однос на минатата година а приходите од органи и донатори учестуваат со 72,04% и бележат зголемување во однос на минатата година кога истите учествуваа со 70,93 %.

Во делот на расходите, капиталните расходи учествуваат со 0,24%, тековните расходи изнесуваат 89,69% а расходите за донација и помош изнесуваат 10,07% од вкупните расходи. И оваа година политиката на организацијата е насочена кон развојот на општинските организации на Црвен крст преку фондови за развој, видливост и итен одговор на катастрофи кои се наменети за општинските организации на ЦК и ЦК на град Скопје.

Исто така важно е да се напомене дека од вкупните трошоци на централата, 51,27% се директни трансфери во ООЦК за реализација на програмските активности и бележат пораст во однос на минатата 2022 година како резултат на трансфери на средствата од обезбедени проекти од странски донатори. Од вкупниот буџет на централната канцеларија на ЦКРСМ, 82,87% се наменети за поддршка на ООЦК и ЦКГС.

Како трошок на централата на ЦКРСМ се опфатени трошоците за плата на вработените, материјалните трошоци, како и трошоците за тековно одржување. Во делот на трошоци наменети за ООЦК/ЦКГС опфатени се трошоци за проекти обезбедени од донатори или за програми обезбедени од институции.

Црвениот крст на Република Северна Македонија преку следење на модерните токви за осовременување и усовршување на материјално - финансиско работење, овозможува транспарнтност и отчетност во работењето, автоматска обработка на податоците, брз проток на информации и финансиски показатели, точна и сеопфатна база на финансиски податоци и зголемување на капацитетите на националното друштво во целост.

Буџетот на ЦКРСМ е реален, сеопфатен, структуиран, прецизен и избалансиран а планираните средства во Буџетот за 2023 година, ЦКРСМ ќе ги користи наменски, рационално и економично, со потполна транспарентност и отчетност.

# БУЏЕТ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА 2023 ГОДИНА

| | % | 2023 | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|---|
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **100.00** | **160,762,374.00** | **154,527,842.00** | **124,239,157.00** |
| Сопствени извори | 27.96 | 44,947,800.00 | 44,913,800.00 | 47,504,800.00 |
| Од органи и донатори | 72.04 | 115,814,574.00 | 109,614,042.00 | 76,734,357.00 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **100.00** | **160,762,374.00** | **154,527,842.00** | **124,239,157.00** |
| Тековни расходи | 89.69 | 144,195,574.00 | 135,307,342.00 | 114,500,457.00 |
| Капитални расходи | 0.24 | 380,000.00 | 3,033,700.00 | 4,476,400.00 |
| Помош и донации | 10.07 | 16,186,800.00 | 16,186,800.00 | 5,262,300.00 |
| **РАЗЛИКА** | | **0.00** | **0.00** | **0.00** |

## П Р И Х О Д И

| ОПИС | Сопствени извори на приходи | Приходи од органи /донатори | Буџет 2023 | Буџет 2022 | Буџет 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | | | | | |
| Министерство за труд и социјална политика - програмски активности | 9.075,000.00 | | 9.075,000.00 | 9.075,000.00 | 9,075,000.00 |
| Влада на Република Северна Македонија (за стокови резерви) | | 15,000,000.00 | 15,000,000.00 | 15,000,000.00 | |
| Крводарителство (Министерство за Здравство) | | 11,000,000.00 | 11,000,000.00 | 11,000,000.00 | 8,000,000.00 |
| Социјално - хуманитарна дејност | 7,600,000.00 | 7,250,000.00 | 14,850,000.00 | 23,637,949.00 | 5,300,000.00 |
| Организација и развој | 200,000.00 | 3,000,000.00 | 3,200,000.00 | 300,000.00 | 200,000.00 |
| Прва помош | 8,500,000.00 | | 8,500,000.00 | 9,005,000.00 | 5,500,000.00 |
| Здравствено - превентивни програми | | 5,679,604.00 | 5,679,604.00 | 11,012,794.00 | 4,012,794.00 |
| Млади | | 264,000.00 | 264,000.00 | 132,000.00 | 450,000.00 |
| Подготвеност и одговор во случај на катастрофи | 50,000.00 | 22,248,500.00 | 22,298,500.00 | 2,204,585.00 | 11,229,254.00 |
| Дисеминација | | 676,500.00 | 676,500.00 | 156,000.00 | 152,400.00 |
| ЦК во акција - ПХВ | | 660,000.00 | 660,000.00 | 594.000.00 | 0.00 |
| Односи со јавност | | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Воспоставување на семејни врски | | 835,970.00 | 835,970.00 | 775,200.00 | 589,909.00 |
| Меѓународна соработка | | 0.00 | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Мобилизирање на фондови | | | 0.00 | 1,100,000.00 | 3,690,000.00 |
| 0Човечки ресурси, мониторинг и евалуација | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | | | 0.00 | 250,000.00 | 250,000.00 |
| **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | | | | | |
| Од ООЦК ( по основ на котизација ) | 1,770,000.00 | | 1,770,000.00 | 1,770,000.00 | 1,770,000.00 |
| Донација од физички лица | 150,000.00 | | 150,000.00 | 200,000.00 | 200,000.00 |
| Донација од правни лица | 300,000.00 | | 300,000.00 | 600,000.00 | 600,000.00 |
| Доплатна марки ( од законот на ЦК ) | 150,000.00 | | 150,000.00 | 50,000.00 | 100,000.00 |
| Од закупнина на деловен простор | 1,180,800.00 | | 1,180,800.00 | 1,918,800.00 | 1,918,800.00 |
| Од регистрација возила | 10,800,000.00 | 49,200,000.00 | 60,000,000.00 | 60,000,000.00 | 60,000,000.00 |
| Од курсеви за спасители на вода | 50,000.00 | | 50,000.00 | 50,000.00 | 50,000.00 |
| Пренесени средства од минатата година | 5,122,000.00 | | 5,122,000.00 | 5,400,000.00 | 5,400,000.00 |
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **44,947,800.00** | **115,814,574.00** | **160,762,374.00** | **154,527,842.00** | **118,488,157.00** |

## РАСХОДИ

| ОПИС | Сопствени извори /донатори | Приходи од органи | Буџет 2023 | Буџет 2022 | Буџет 2021 |
|---|---|---|---|---|---|
| **ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| **ОСНОВНИ ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | | | | | |
| Бруто плата на вработени | 14,221,325.00 | 3,863,635.00 | 18,084,960.00 | 18,084,960.00 | 16,642,800.00 |
| Надомест за годишен одмор | 0.00 | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Други надоместоци | 60,000.00 | | 60,000.00 | 60,000.00 | 60,000.00 |
| **ПРИДОНЕСИ ОД ПЛАТИ И ПЕРСОНАЛЕН ДАНОК** | | | | | |
| Персонален данок од надоместоци (дневници, јубилејни награди) | 30,000.00 | | 30,000.00 | 30,000.00 | 30,000.00 |
| **ВКУПНО РАСХОДИ ЗА ПЛАТИ** | **14,311,325.00** | **3,863,635.00** | **18,174,960.00** | **18,174,960.00** | **16,732,800.00** |
| **ПАТНИ И ДНЕВНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| Патување во странство | 250,000.00 | | 250,000.00 | 370,000.00 | 250,000.00 |
| **КОМУНАЛНИ УСЛУГИ** | | | | | |
| Електрична енергија | 1,500,000.00 | 849,000.00 | 2,349,000.00 | 1,249,000.00 | 660,000.00 |
| Водовод и канализација | 48,000.00 | | 48,000.00 | 48,000.00 | 48,000.00 |
| Ѓубретарина | 90,000.00 | | 90,000.00 | 90,000.00 | 90,000.00 |
| **ЗАТОПЛУВАЊЕ** | | | | | |
| Централно греење | 480,000.00 | | 480,000.00 | 480,000.00 | 480,000.00 |
| **КОМУНИКАЦИЈА И ТРАНСПОРТ** | | | | | |
| Пошта | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 30,000.00 |
| Телефон и телефакс | 780,000.00 | 360,000.00 | 1,140,000.00 | 830,000.00 | 780,000.00 |
| Дневници во земјата и во странство | 90,000.00 | 123,000.00 | 213,000.00 | 193,000.00 | 50,000.00 |
| Гориво | 700,000.00 | 300,000.00 | 1.000,000.00 | 1,000,000.00 | 300,000.00 |
| Трошоци за регистрација возила | 415,000.00 | | 415,000.00 | 435,000.00 | 435,000.00 |
| Други расходи за транспорт(патарина,миење коли, лепење гуми) | 108,000.00 | | 108,000.00 | 114,000.00 | 84,000.00 |
| **МАТЕРИЈАЛИ** | | | | | |
| Канцелариски материјал | 300,000.00 | 60,000.00 | 360,000.00 | 508,500.00 | 220,000.00 |
| Претплата за списанија и стручна литература | 45,000.00 | | 45,000.00 | 46,000.00 | 46,000.00 |
| Ленти, касети и друго за АОП | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Копирање,печатење и издавање материјали | 2,570,000.00 | 1,649,000.00 | 4,219,000.00 | 4,408,000.00 | 2,771,000.00 |
| • Организација и развој | 180,000.00 | | 180,000.00 | 390,000.00 | 200,000.00 |
| • Информирање и комуникација | 120,000.00 | | 120,000.00 | 70,000.00 | 170,000.00 |
| • Дисеминација | | 201,000.00 | 201,000.00 | 0.00 | 0.00 |
| • Здравствено-превентивни програми | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| • Прва помош | 830,000.00 | | 830,000.00 | 830,000.00 | 280,000.00 |
| • Меѓународна соработка | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| • Крводарителство | | 1,448,000.00 | 1,448,000.00 | 1,448,000.00 | 1,025,000.00 |
| • Социјално - хуманитарни програми | 300,000.00 | | 300,000.00 | 530,000.00 | 450,000.00 |
| • Воспоставување на семејни врски | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| • Мобилизирање на фондови | 50,000.00 | | 50,000.00 | 50,000.00 | 50,000.00 |
| • Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | 590,000.00 | | 590,000.00 | 590,000.00 | 590,000.00 |
| • Подготвеност и одговор при катастрофи | 50,000.00 | | 50,000.00 | 50.000.00 | 0.00 |
| • ЦКА-ПХВ | 150,000.00 | | 150,000.00 | 150.000.00 | |
| • Млади | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100.000.00 | 0.00 |
| • Човечки ресурси, мониторинг и евалуација | 200,000.00 | | 200,000.00 | 200.000.00 | |
| • Пијалоци, прехрамбени продукти средства за хигиена | 250,000.00 | | 250,000.00 | 250,000.00 | 168,000.00 |
| Материјали за противпожарна заштита | 20,000.00 | | 20,000.00 | 20,000.00 | 20,000.00 |
| Материјали со специјална намена (медицински материјали, електро материјали) | 160,000.00 | 245,000.00 | 405,000.00 | 2,035,999.00 | 602,000.00 |
| Други материјали | 450,000.00 | | 450,000.00 | 450,000.00 | 450,000.00 |
| **ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ** | | | | | |
| Поправка и одржување коли | 250,000.00 | | 250,000.00 | 250,000.00 | 250,000.00 |
| Трошоци за одржување опрема | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Трошоци за одржување зграда | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Одржување на софтвер и хардвер | 660,000.00 | 312,000.00 | 972,000.00 | 972,000.00 | 516,000.00 |
| **ДОГОВОРНИ УСЛУГИ** | | | | | |
| Адвокатски услуги | 120,000.00 | | 120,000.00 | 120,000.00 | 120,000.00 |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Семинари и состаноци | 7,547,800.00 | 9,611,825.00 | 17,159,625.00 | 24,026,406.00 | 14,464,462.00 |
| • Организација и развој | 110,000.00 | 250,000.00 | 360,000.00 | 360,000.00 | 367,000.00 |
| • Информирање и комуникација | 3,000.00 | | 3,000.00 | 25,000.00 | 25,000.00 |
| • Дисеминација | 3,000.00 | 288,000.00 | 291,000.00 | 3,000.00 | 3,000.00 |
| • ЦКА - ПХВ | | 470,000.00 | 470,000.00 | 470,000.00 | 0.00 |
| • Здравствено - превентивни програми | 50,000.00 | 1,736,850.00 | 1,786,850.00 | 9,196,926.00 | 50,000.00 |
| • Прва помош | 1,080,000.00 | 505,000.00 | 1,585,000.00 | 1,585,000.00 | 410,000.00 |
| • Крводарителство | | 440,000.00 | 440,000.00 | 440,000.00 | 375,000.00 |
| • Социјално - хуманитарни програми | 3,125,000.00 | 850,000.00 | 3,975,000.00 | 7,091,380.00 | 5,745,000.00 |
| • Воспоставување на семејни врски | 10,000.00 | 64,575.00 | 74,575.00 | 141,100.00 | 113,567.00 |
| • Мобилизирање на фондови | 390,000.00 | | 390,000.00 | 990,000.00 | 0.00 |
| • Млади | 50,000.00 | | 50,000.00 | 50,000.00 | 0.00 |
| • Подготвеност и одговор во случај на катастрофи | 496,000.00 | 4,743,400.00 | 5,240,200.00 | 1,194,000.00 | 4,383,195.00 |
| • Креирање политики и менаџирање со волонтери и членови | 780,000.00 | | 780,000.00 | 780,000.00 | 100,000.00 |
| • Седници и работење на Раководен Одбор | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| • Собрание на ЦКРСМ | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| • Состанок со секретарите / претседатели | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| • Државен натпревар по прва помош | 500,000.00 | | 500,000.00 | 500,000.00 | 350,000.00 |
| • Совет на млади/ Координативно тело/ Академија за млади /Програма за зајакнување на капацитети на млади | 650,000.00 | | 650,000.00 | 650,100.00 | 178,100.00 |
| • Младински камп / Европски координативен состанок | | 264,000.00 | 264,000.00 | 250,000.00 | 150,000.00 |
| • Човечки ресурси, мониторинг и евалуација | | | 0.00 | 0.00 | 507,600.00 |
| • Семинари и состаноци | | | 0.00 | 0.00 | 1,407,000.00 |
| Банкарска провизија | 100,000.00 | | 100,000.00 | 80,000.00 | 80,000.00 |
| Осигурување на имот и обезбедување на објекти | 250,000.00 | | 250,000.00 | 250,000.00 | 250,000.00 |
| Други финансиски услуги (договори за повремени и привремено ангажирање) | 3,367,764.00 | 1,924,225.00 | 5,291,989.00 | 7,278,868.00 | 4,564,813.00 |
| Други договорени услуги (царина,работници за пакување хум.помош),судки решенија,кирија | 50,000.00 | 307,500.00 | 357,500.00 | 419,000.00 | 50,000.00 |
| Надворешна ревизија | 180,000.00 | 120,000.00 | 300,000.00 | 220,000.00 | 100,000.00 |
| Членарина во меѓународни организации | 206,500.00 | | 206,500.00 | 206,000.00 | 206,000.00 |
| **ДРУГИ ОПЕРАТИВНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| Обезбедување на фондови | 100,000.00 | | 100,000.00 | 100,000.00 | 100,000.00 |
| Трошоци за меѓународна соработка | 420,000.00 | 50,000.00 | 470,000.00 | 80,000.00 | 5,000.00 |
| **ТРАНСФЕРИ ДО ОПШТИНСКИ ОРГАНИЗАЦИИ И ЦКГС** | | | | | |
| Трансфери до ООЦК | | 82,422,000.00 | 82,422,000.00 | 65,045,609.00 | 65,215,382.00 |
| 5% за набавка и надоградба на софтвер и опрема | 297,000.00 | | 297,000.00 | 297,000.00 | |
| Фонд за итен одговор на катастрофи | 1,728,000.00 | | 1,728,000.00 | 1,728,000.00 | |
| Фонд за развој и проекти | 2,350,000.00 | | 2,350,000.00 | 1,728,000.00 | 2,613,000.00 |
| Фонд за видливост | 1,404,000.00 | | 1,404,000.00 | 1,404,000.00 | 1,404,000.00 |
| **ВКУПНО ТЕКОВНИ РАСХОДИ** | **41,998,389.00** | **102,197,185.00** | **144,195,574.00** | **135,307,342.00** | **114,500,457.00** |
| **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | | | | | |
| **КУПУВАЊЕ НА МЕБЕЛ И КАНЦЕЛАРИСКА ОПРЕМА** | | | | | |
| Купување канцелариски мебел | 80,000.00 | | 80,000.00 | 200,000.00 | 0.00 |
| Купување на опрема (Централна канцеларија и Опративен центар) | 100,000.00 | | 100,000.00 | 433,700.00 | 686,400.00 |
| **КУПУВАЊЕ НА МОТОРНИ ВОЗИЛА** | | | | | |
| Купување автомобил (кредит за возило) | | | 0.00 | 0.00 | 3,690,000.00 |
| **ОСНОВНО И СПЕЦИЈАЛНО ОДРЖУВАЊЕ** | | | | | |
| Капитални инвестиции во ООЦК | | | 0.00 | 0.00 | 0.00 |
| Подршка за развој на ООЦК | 100,000.00 | | 100.000.00 | 200,000.00 | 0.00 |
| Реконструкција и реновирање на градежни објекти | 100,000.00 | | 100,000.00 | 2,200,000.00 | 100.000.00 |
| **ВКУПНО КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **380,000.00** | **0.00** | **380,000.00** | **3,033,700.00** | **4,476,400.00** |
| **ПОМОШ, ДОНАЦИИ И ДРУГИ ДАВАЧКИ** | | | | | |
| Помош, донации и други давања на субјекти во натура | 1,186,800.00 | | 1,186,800.00 | 1,186,800.00 | 1,186,800.00 |
| Помош, донации и други давања на субјекти во пари | | 15,000,000.00 | 15,000,000.00 | 15,000,000.00 | 4,075,500.00 |
| **ВКУПНО ДОНАЦИИ, ПОМОШ И ДРУГИ ДАВАЧКИ** | **1,186,800.00** | **15,000,000.00** | **16,186,800.00** | **16,186,800.00** | **5,262,300.00** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **43,565,189.00** | **117,197,185.00** | **160,762,374.00** | **154,527,842.00** | **124,239,157.00** |

| | | |
|---|---|---|
| Тошоци за Централата на ЦКРСМ | 27,538,389.00 | 17.13 |
| Трошоци за ООЦК | 133,223,985.00 | 82.87 |
| **ВКУПНО** | **160,762,374.00** | **100** |

| | | |
|---|---|---|
| Тошоци во Централата на ЦКРСМ | 38,842,989.00 | 24.16 |
| Трошоци за ООЦК | 121,919,385.00 | 75.84 |
| **ВКУПНО** | **160,762,374.00** | **100** |

Служба за финансии и ревизија
Жаклина Поповиќ

Генерален Секретар
д-р Саит Саити

## ПРИХОДИ ВО 2023




| | 2023 | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| сопствени приходи | 44,947,800.00 | 44,913,800.00 | 47,504,800.00 |
| од органи и донатори | 115,814,574.0 | 109,614,042.0 | 76,734,357.00 |




## РАСХОДИ ВО 2023




| | 2023 | 2022 | 2021 |
|---|---|---|---|
| тековни расходи | 144,195,574.00 | 135,307,342.00 | 114,500,457.00 |
| капитални расходи | 380,000.00 | 3,033,700.00 | 4,476,400.00 |
| помоиш и донации | 16,186,800.00 | 16,186,800.00 | 5,262,300.00 |

## СТРУКТУРА НА РАСХОДИ НА ЦКРСМ



www.redcross.org.mk